A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark



Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 09 - 78/1
25.01 2023 год.
ЗРНОВЦИ

Општина Зрновци
info@zrnovci.gov.mk , www.zrnovci.gov.mk

alpakeco
АЛПАК - ЕКО ДОО
Ул. Димитрие Чуповски бр.13 Скопје
info@alpakeko.mk / www.alpakeko.mk

Друштво за управување со пакување и отпад од пакување АЛПАК-ЕКО ДОО
Бр. 09/23
31.01 2023 год.
СКОПЈЕ

Согласно Законот за управување со пакување и отпад од пакување, (Сл.Весник на РМ бр.215/21), и Закон за проширена одговорност на произвидителот за управување со посебните текои на отпад, во Зрновци на ден 25.01.2023 година склучен е

## ДОГОВОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

1. **Друштво за управување со пакување и отпад од пакување АЛПАК-ЕКО ДОО СКОПЈЕ, со седиште на ул. "Димитрие Чуповски" бр.13, 1000 СКОПЈЕ, застапувано од управителот ФАТМИР ЕЈУБ**, и
2. **Општина Зрновци, претставувана од Градоначалникот на Општина Зрновци, Борчо Коцев.**

**АЛПАК-ЕКО** како колективен постапувач е непрофитабилно правно лице, основано согласно членот 24 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад ("Сл.Весник на Република Северна Македонија" бр 215/21), со дозвола за постапување со отпад од пакување, чија цел е спроведување на активности за управување со посебен тек на отпад од пакување, заради остварување на проширена одговорност на производителите, кои се негови членки за остварување на Националните цели, а во рамки на утврдениот надоместок за управување со отпад од пакување согласно членот 42 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад ("Сл.Весник на Република Северна Македонија" бр 215/21) и остварување на Националните цели на Република Северна Македонија за собирање, преработка и рециклирање на отпадот од пакување утврдени во член 42 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.

**АЛПАК-ЕКО** е запишан во Трговскиот регистар со Решение бр. 0805-50/155020220064869 на Централниот Регистар на Република Северна Македонија, како правно лице за постапување со отпад од пакување.

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ :**

### Член 1

Предмет на овој Договор е воспоставувањето на систем за интегрално управување со отпадот од пакување, кој претставува комунален отпад на територијата на општината согласно членот 42 од Законот за проширена одговорност("Сл.Весник на Република Северна Македонија" бр 215/21)

Договорни страни се согласија да воспостават деловна техничка соработка за управување со пакување и отпад од пакување и воспоставување на интегрален одржлив систем на управување со посебните текови на отпад од пакување во имплементацијата на законските обврски.

### Член2

Договорните страни се согласни за реализација на активностите од член 1 на овој Договор, секоја во рамките на своите надлежности, да воспостави систем за целосно, ефикасно, економски оправдано и одржливо интегрално управување и постапување со отпад од

пакување,собирање,селектирање,транспортирање,рециклирање,преработка и отстранување на отпадот (во понатамошниот текст : "Систем за управување") согласно член 42 од Законот.

**Член3**

Договорните страни се согласни да воспостават Систем за управување со отпад од пакување во согласност со пропишаните законски одредби.

Договорните страни се согласни за остварување на заедничките цели да се инвестираат дел од средствата прибрани по основ на надоместоци согласно Законот.

Инвестираните средства од став 2 на овој член ќе се искористат за подобрување на Системот за управување преку организирање на собирни пунктови и центри, како и стимулирање на крајните корисници за одлагање на отпадот во уредените центри.

АЛПАК-ЕКО ДОО СКОПЈЕ, се обврзува на транспарентен и отчетен начин, да ја информира јавноста и крајните корисници за сите прашања кои се од заеднички интерес и произлегуваат од член 42 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување.

**Член4**

Договорните страни за реализација на Системот на управување се согласни да воспостават услови за информирање и запознавање на јавноста и за нејзино целосно вклучување во Системот на управување, согласно член 42 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување.

Договорните страни се согласни дека за реализација на целите од став 1 на овој член, перманентно ќе организираат активности за запознавање на јавноста со целите и придобивките од реализацијата на Системот на управување, заради нивно трансформирање во активни чинители.

**Член5**

Договорните страни се согласни да го воспостават Системот за управување со отпад од пакување, со цел да се реализираат националните цели, утврдени во член 42 од Законот и за таа цел ќе преземат и организираат мерки и активности за сопствено учество и вклучување на јавноста. Поддршката на општината се состои во заднички настап во јавноста, преку формите и начинот на известување за крајните корисници, кои ќе ги утврди и организира правното лице за постапување со отпад од пакување, на негов трошок.

Договорните страни ќе организираат заеднички систем за собирање на отпадот од пакување на територијата на општината со посебен договор, за секоја инвестиција од страна на АЛПАК-ЕКО ДОО СКОПЈЕ, за што ќе бидат изготвени посебни протоколи за висината на инвестицијата во општината.

АЛПАК-ЕКО ДОО СКОПЈЕ, врз основа на посебна програма за едукација на генераторите на отпад, како и децата од градинките и основните училишта се обврзува да организира обуки, со цел да се подигне свеста за правилното управување со отпад од пакување. Реализацијата на предвидените активности се исклучиво на финансиски трошок на правното лице, за што е предвидено да се доставува соодветна документација до општината и институциите основани од општината.

Општина Зрновци
info@zrnovci.gov.mk , www.zrnovci.gov.mk

alpakeco
АЛПАК - ЕКО ДОО
Ул. Димитрие Чуповски бр.13 Скопје
info@alpakeko.mk / www.alpakeko.mk



АЛПАК-ЕКО ДОО СКОПЈЕ, ја информира општината за видот, типот и бројот на садови за селекција кои има намера да ги постави, на претходно утврдените локации, како и за правното лице кое ќе го собира отпадот од пакување од поставените садови, доколку не биде договорено со посебен договор, тоа да се врши од страна на Јавното претпијатие.

Општината се обврзува дека ќе дава целосна поддршка за спроведување на овој договор во целост.

**Член 6**

Договорните страни го склучуваат овој Договор, со важност од денот на потпишување до истекот на периодот на важност на Дозволата за постапување со отпад од пакување издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање, заведена под **Арх.бр. Уп1-11/2-94/2022**, прилог на овој договор.

Договорот престанува да важи пред истекот на рокот, единствено доколку има непредвидени дејствија, измени во законските одредби кои го регулираат работењето по овој закон или престанување на важност на Дозволата на правното лице за управување со отпад од пакување, пред истекот на рокот.

Во непредвидени околности за направената инвестиција, од страна на АЛПАК-ЕКО ДОО СКОПЈЕ, ќе се склучи посебен договор за регулирање на правата и обврските за изградениот систем за селекција.

**Член 7**

Договорните страни се согласни дека по потпишувањето на овој договор за организирање на заеднички систем за собирање на отпадот, Општина е должна, во писмена форма да достави локации за поставување на садови за селекција до правното лице АЛПАК-ЕКО ДОО СКОПЈЕ, најдоцна 10 дена од стапување на сила на овој договор, со цел да се направат детални планови и анализи за висината на инвстицијата од страна на АЛПАК-ЕКО ДОО СКОПЈЕ.

Договорните страни се согласни да се што не е регулирано со овој Договор, да се применуваат постојните законски прописи и регулативи.

**Член 8**

Договорните страни се согласни, евентуалните спорови да ги решаваат во конструктивна атмосфера и преку заедничко договарање.

**Член 9**

Овој Договор е составен во 4(четири)идентични примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

ДОГОВОРНИ СТРАНИ:

**КОЛЕКТИВЕН ПОСТАПУВАЧ**
**АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје**

**ОПШТИНА ЗРНОВЦИ**